РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 09-2161/2
15-11-2024 г./v.

Врз основа на чл. 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 10-та седница одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Врз основа на пријава од познат подносител оформен е предмет број 09-2161/1 од 09.08.2024 година, против -----------, член на Надзорниот одбор на ------------- Скопје, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК има постапувано во повеќе наврати по предметните наводи, за што има донесено одлуки од своја законска надлежност, кои се јавно објавени на нејзината веб страна во деперсонализирана форма.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-2161/1 од 09.08.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконски избор на лицето --------- за член на Надзорниот одбор на ---------------- од страна на Програмскиот совет на -------------.

Исто така во пријавата е наведено дека лицето ------------- како член на Надзорниот одбор на ----------- има судир на интереси согласно член 127 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бидејќи неговата сопруга --------------------- е основач на приватен медиум ------------ Кичево. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата не се доставени докази.

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК утврди дека во повеќе наврати има постапувано по пријави со исти или слични наводи и тоа:

- По предметот со бр. 12-2145/1 од 08.06.2021 година, за што на својата 87-ма седница одржана на 01.06.2023 година има донесено Одлука бр. 12-

1018/3 од 07.06.2023 година која е јавно објавена на нејзината веб страна, во деперсонализирана форма;

- По предметот со бр. бр. 12-5475/1 од 27.11.2023 година, за што на својата 99-та седница одржана на 26.01.2024 година има донесено Одлука бр. 12-18/5 од 29.01.2024 година која е јавно објавена на нејзината веб страна, во деперсонализирана форма и
- По предметот со број 12-994/1 од 01.03.2024 година, за што на својата 6-та седница одржана на 10.06.2024 има донесено Одлука која јавно е објавена на нејзината веб страна во деперсонализирана форма.

Во врска со наводите од пријавата што се однесуваат на постоење судир на интереси или прекршување на одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ДКСК потврди дека сопственик и управител на правното лице ---------- Кичево е лицето ---------------.
Имено, согласно член 127 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги каде е предвидена неспоивост на функции за членовите на Надзорниот одбор на -----------, односно членовите не може да бидат меѓу другото и лица кои како сопственици на удели или акции, како членови на органи на управување, или како вработени, имаат интерес во други радиодифузери, новински агенции, друштва за реклама и пропаганда, друштва за истражување на пазарот и јавното мислење, друштва за филмска дистрибуција, друштва за филмска продукција или на друштва кои обезбедуваат јавни електронски комуникациски мрежи и услуги, а забраната не се однесува на нивни блиски лица.

Имајќи го во предвид се погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата одржана на ден 08.11.2024 година одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Татјана Димитровска

По заклучок на ДКСК,
Изработил: М.М., соработник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: м-р С.Д. член на ДКСК